Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост
- П О Р А К А -
Бр. 03-205/1
02.12.2025 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 14-847/1
02.12 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен меѓу:

1. **Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА**, ул. Орце Николов бр.122, Скопје, претставувана од претседателот Чедомир Трајковски, од една страна, и

2. **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**, ул. Даме Груев бр.1, Скопје, претставувана од претседателот Душан Томшиќ, како втора страна потписничка.

Страните во натамошниот текст заедно наречени **Потписници.**

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Меморандум за соработка се уредува начинот на соработка меѓу Потписниците, координацијата и имплементацијата на заеднички договорените активности, заради претходно утврдена цел - унапредување на соработката во делокругот на обезбедување и промовирање на правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, промоција, заштита и превенција за еднаквоста, овозможување на системски промени и вклучување на лицата со интелектуална попреченост во сите социјално-општествени процеси.

**Делокруг на соработка**

**Член 2**

Потписниците на овој Меморандум за соработка се согласни да соработуваат во областа на еднаквоста и заштита од дискриминација во насока на остварување на правата на лицата со интелектуална попреченост, како и правата на родителите/старателите на децата/лицата со интелектуална попреченост, во согласност со надлежностите утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Облици на соработка**

**Член 3**

Оваа соработка опфаќа:

- Промоција и примена на пристапот заснован на човекови права кон лицата со интелектуална попреченост, со што се обезбедува да ја добијат потребната поддршка за активно учество во општествениот живот.
- Покренување заеднички иницијативи за подобрување на правната рамка која гарантира еднаквост и забранува дискриминација на лицата со интелектуална попреченост.
- Застапување за подобро регулирање и заштита на веќе стекнатите права на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.
- Предлагање измени на политиките, регулативите и практиките за зајакнување на правната заштита на лицата со интелектуална попреченост.
- Воспоставување соработка за постапување по претставки и препораки за конкретни случаи на дискриминација врз основа на статус на интелектуална попреченост.
- Подигање на јавната свест за борба против стереотипите и заблудите кон лицата со интелектуална попреченост, вклучувајќи јавни кампањи и образовни програми.
- Организирање редовни состаноци за размена на информации, подобрување на координацијата и развивање стратегии за унапредување на правата и спречување на дискриминација на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, како и други форми на соработка кои ќе бидат договорени меѓу страните, а ќе произлезат од нивните актуелни потреби.
- Заеднички активности за промовирање на еднаквоста и застапување за подобрена пристапност до медицински третман, образование, социјални услуги и вработување за лицата со интелектуална попреченост.
- Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА ќе обезбеди податоци за најитните потреби на лицата со интелектуална попреченост во насока на адекватно адресирање на потребите и нивно соодветно застапување во јавноста.
- Комисијата ќе организира тематска обука за дискриминација на лицата со интелектуална попреченост, со фокус на пристапот до здравствена заштита, образование, социјалната вклученост и дискриминацијата при вработување.
- Останати активности од особен интерес на двете страни се во насока на унапредувањето на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација.

**Член 4**

Потписниците на овој Меморандум за соработка интензивно ќе соработуваат во насока на остварување на активностите предвидени во членовите 2 и 3 на овој Меморандум и ќе даваат насоки и упатства за унапредување на соработката, координацијата и заедничкото дејствување.

Во текот на соработката предложените активности може да бидат проширувани и продлабочувани по предлог на една од страните во рамки на своите надлежности, а по претходно меѓусебно усогласување на ставовите помеѓу сите страни на Меморандумот.

**Завршни одредби**

**Член 5**

Овој Меморандум ќе стапи на сила со датумот на неговото потпишување од страна на двете страни потписнички. Меморандумот има правна сила до неговото отповикување од било која од двете страни потписнички.

**Член 6**

Секоја од потписниците може да го откаже овој Меморандум за разбирање, преку писмено известување до другата страна во рок од 30 дена пред денот на отповикувањето.

**Член 7**

Овој Меморандум за соработка е сочинет во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна потписник.

РЕПУБЛИЧКИ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ - ПОРАКА

**Претседател,**

**Чедомир Трајковски**

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Претседател,**

**Душан Томшиќ**

**E-mail: poraka@t.mk**
**ул. „Орце Николов“ бр.122, Скопје**
**+3892 3296 961**

**E-mail: contact@kszd.mk**
**ул. „Даме Груев“ бр. 1, Скопје**
**+ 389 2 3216 892**